**20240140353**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 став (4) од Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 јануари 2025 година, донесе

## УРЕДБА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФОРМУЛА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КАТАЛОШКАТА ВРЕДНОСТ НА УЧЕБНИКОТ

Член 1

Со оваа уредба се утврдува формулата за утврдување на каталошката вредност на учебникот во основното и средното образование.

Член 2

Каталошката вредност од член 1 од оваа уредба, се утврдува согласно следнава формула:

$$K = \frac{\text{часови по наставен предмет неделно}}{\text{неделен фонд на часови по задолжителни предмети}} \times Q \times T \times \text{просечна нето плата за претходната година}$$

- К – претставува каталошката вредност на учебникот во основното и средното образование;
- часови по наставен предмет неделно – претставува број на часови по наставен предмет неделно за кој се изработува учебник за одделение/година на образование според наставен план;
- неделен фонд на часови по задолжителни предмети – претставува број на неделен фонд на часови по задолжителни предмети за одделение/година на образование според наставен план;
- Q – претставува коефициент на сложеност на изработка на учебник според одделение/година на образование;
- Т – претставува коефициент според тираж на нарачан учебник и
- просечна нето плата за претходната година - претставува просечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија за претходната година според податоците од Државниот завод за статистика.

Член 3

Коефициентот на сложеност за изработка на учебник за секое одделение/година на образование, изнесува:

- $Q_1$ со вредност од 0,06, за учебници од прво до трето одделение, со исклучок на учебници по странски јазик за кој Q1 има вредност од 0,17;
- $Q_2$ со вредност од 0,12, за учебници од четврто до петто одделение, со исклучок на учебници по странски јазик за кој Q2 има вредност од 0,18;
- $Q_3$ со вредност од 0,16, за учебници од шесто до седмо одделение, со исклучок на учебници по странски јазик за кој Q3 има вредност од 0,21;
- $Q_4$ со вредност од 0,18, за учебници од осмо до деветто одделение, со исклучок на учебници по странски јазик за кој Q4 има вредност од 0,24;
- $Q_5$ со вредност од 0,2, за учебници од прва година гимназиско образование и учебници од општо образовни предмети во прва година средно стручно образование, со исклучок на учебници по странски јазици за прва година гимназиско/средно стручно за кои Q5 изнесува 0,28;
- $Q_6$ со вредност од 0,22, за учебници од втора година гимназиско образование и учебници од општо образовни предмети во втора година средно стручно образование, со исклучок на учебници по странски јазици за втора година гимназиско/средно стручно за кои Q6 изнесува 0,29;
- $Q_7$ со вредност од 0,24, за учебници од трета година гимназиско образование и учебници од општо образовни предмети во трета година средно стручно образование како и учебници од прва година за стручни предмети во средно стручно образование, со исклучок на учебници по странски јазици за трета година гимназиско/средно стручно за кои Q7 изнесува 0,30;
- $Q_8$ со вредност од 0,26, за учебници од четврта година гимназиско образование и учебници од општо образовни предмети во четврта година средно стручно образование како и учебници од втора година за стручни предмети во средно стручно образование, со исклучок на учебници по странски јазици за прва година гимназиско/средно стручно за кои Q8 изнесува 0,31;
- $Q_9$ со вредност од 0,28, за учебници од трета година за стручни предмети во средно стручно образование и
- $Q_{10}$ со вредност од 0.30, за учебници од четврта година за стручни предмети во средно стручно образование.

Член 4

Коефициентот според тираж на нарачан учебник, изнесува:
- $T_1$ со вредност од 2,20 за тиражи од 1 до 250 примероци;
- $T_2$ со вредност од 1,90 за тиражи од 251 до 500 примероци;
- $T_3$ со вредност од 1,60 за тиражи од 501 до 5.000 примероци;
- $T_4$ со вредност од 1,30 за тиражи од 5001 до 10.000 примероци и
- $T_5$ со вредност од 1,00 за тиражи поголеми од 10.000 примероци.

Член 5

Најниско утврдената каталошка вредност од член 1 од оваа уредба, не може да изнесува помалку од 1,5% од просечната нето плата исплатена во Република Северна Македонија за претходната година според податоците од Државниот завод за статистика.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-445/10
21 јануари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.